ЗДРУЖЕНИЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ НА Р.С. МАКЕДОНИЈА - ЗВРРСМ

Врз основа на Член 21 од Статутот на Здружението на внатрешните ревизори на Р.С. Македонија по предлог на Претседателот на ЗВРРСМ, на 05.12.2025, Комисија за членство и номинација донесува

# П Р А В И Л Н И К

за номинација и избор на членови на Управен одбор

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите и начинот за номинација и избор на членови на Управниот одбор на Здружението на внатрешните ревизори на Р.С. Македонија.

## II УСЛОВИ ЗА НОМИНАЦИЈА И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР

Член 2

Кандидатот за Член на Управен одбор на Здружението на внатрешните ревизори на Р.С. Македонија треба да ги исполнува следните услови :

1. Да биде активен Член на Здружението на внатрешните ревизори на Р.С Македонија ;

2. Да има платено обврската по основ на членарина кон Здружението на внатрешните ревизори на Р.С. Македонија, до крајниот датум за плаќање утврден од Управниот одбор ;

3. Да се придружува кон одредбите од Статутот на Здружението на внатрешните ревизори на Р.С. Македонија ;

4. Да биде професионалец со изградена кариера од областа на финансии, сметководство и ревизија, со најмалку 3 години претходно искуство во внатрешна ревизија ;

5. Деловно способно, полнолетно, физичко лице кое има живеалиште или претстојувалиште на територијата на Република С. Македонија во согласност со закон.

Член 3

Управниот одбор, согласно укажана потреба за исполнување на Член 16 од Статутот на ЗВРРСМ и по предлог на Претседателот на Здружението, донесува Одлука за распишување на номинација и Избор за Член на Управен одбор.

Во Одлуката „Избор за Член на Управен одбор" се утврдуваат роковите за спроведување на постапката за номинација и избор на Член на Управен одбор, сите планирани активности кои ќе следат со именувани Членови на овластената Комисија за членство и номинација (составена од најмалку 3 а најмногу 5 члена).

Управниот одбор назначува Претседател на Комисијата за членство и номинација кој ја води работата на комисијата. Во отсуство на Претседателот најстариот член ја води Комисијата.

Член на Комисијата за членство и номинација не може да биде лице кое е номинирано за избор на член на Управен одбор или е во роднинска врска со лице кое се номинира во Управен Одбор.

## III ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

Член 4

Постапката за избор на Член на Управен одбор ги содржи следните изборни активности

1. Информирање на Членовите на здружението за претстојна номинација и избор на Член на Управен одбор (со предвидена временска рамка од најмалку 5 (пет) работни дена од моментот на информирање до моментот на избор на Собранието), кое се врши преку е-маил како и се објавува на страницата на Здружението;

2. Изготвување на листа со примени апликации од Кандидатите ;

3. Утврдување кои Кандидати ги исполнуваат условите, согласно Статутот и Член 2 од Правилникот за Номинација ;

4. Организирање на гласање за избор на Член на Управен одбор, како посебна точка на дневен ред на првото претстојно Собрание на Здружението ;

5. Објавување на резултатите од гласањето и изборот на Член на Управен одбор на Здружението.

Член 5

Претседателот и Членовите на Комисијата за членство и номинација, се одговорни за спроведување на Член 4 од Правилникот за Номинација, согласно овој Правилник.

## IV ГЛАСАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

Член 6

Гласањето се реализира на седница на Собрание на Здружението со посебна точка од дневниот ред.

Гласањето е тајно, но во исклучителни случаи Собранието може да одлучи гласањето да биде јавно.

Согласно член 14 од Статутот, еден член има право на еден глас, а може да претставува најмногу до три други члена врз основа на полномошно, кое треба членот да го достави до Комисија за членство и номинација.

Комисијата за членство и номинација ги подготвува гласачките ливчиња, кои треба да ги содржат евидентираните кандидати, подредени со реден број и по азбучен ред со презимето на кандидатот.

Комисијата за членство и номинација ги дели гласачките ливчиња на секој присутен Член на седница на Собрание.

Гласањето се реализира со заокружување на редниот број на кандидатот за избор на Член на Управен одбор, при што секој член има право да заокружи максимум број на кандидати колку што се отворени места за избор на членови на Управен Одбор согласно Член 16 од Статутот на Здружението.

Комисијата за членство и номинација ги собира пополнетите гласачки ливчиња и броењето се реализира внатре или надвор од просторот на седницата, по проценка на Комисијата за членство и номинација , а со цел обезбедување услови за независно, ажурно и точно пребројување на гласачките ливчиња.

Неважечко гласачко ливче е она кое има заокружено повеќе од максималниот број на отворени места за членови на Управен Одбор, како и ливче кое со сигурност не може да се утврди како Членот на Собрание гласал (шкртаници, не е заокружен ни еден реден број, правени се корекции на гласачкото ливче).

Доколку при утврдувањето на бројот на гласови се утврди дека два или повеќе кандидати со највисок број на гласови имаат ист број на гласови, Комисијата за членство и номинација е должна да го повтори гласањето само за кандидатите со најголем број на гласови. Постапката се повторува се до избор на кандидат со најголем број на гласови.

За избран Член на Управен одбор се смета кандидатот кој ќе добие најголем број гласови, кон што Комисијата за членство и номинација јавно ги информира присутните Членови на седница на Собрание, по што се изготвува Решение за избор на Член на Управен одбор (во согласност со Член 14 од Статутот на Здружението).

Останатите кандидати имаат право на жалба во рок од 7 дена од денот на избор, и за истото се произнесува Комисијата за членство и номинација во рок до 3 дена по изминување на рокот за жалба.

Новоизбраниот Член на Управен одбор стапува на сила со донесување Решение на Собрание.

Правата и обврските на Члeновите на Управен одбор се дефинирани во Член 16 од Статутот на Здружението на внатрешните ревизори на Р. С. Македонија.

## V ОДЗЕМАЊЕ ПРАВО НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

Член 7

Статусот Член во Здружението на внатрешните ревизори на Р.С.Македонија престанува согласно Член 14 и Член 16 од Статутот на Здружението, како и:

- со исключување поради прекршување на одредбите од општите Акти на Здружението ;
- поради нечесно однесување ;
- нарушен углед на Здружението.
-

Член 8

Одлуката за исклучување се носи од страна на Собрание на Здружението. Членот кој ќе го изгуби статусот Член на Управен одбор мора да биде известен за истото по писмен пат (пошта или е-маил), најдоцна во рок од 30 од денот на донесената Одлука за исклучување.

## VI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Овој Правилник се донесува од страна на Собранието на Здружението на внатрешните ревизори на Р. С. Македонија, по предлог на Претседателот на Здружението.

Член 10

Овој Правилник стапува на сила од денот на неговото донесување. Одредбите во Правилникот се во согласност со позитивните законски прописи кои ја регулираат наведената материја и во согласност со Статутот на Здружението на внатрешните ревизори на Македонија.

Комисија за членство и номинација - ЗВРРСМ

Билјана Секуловска, Претседател ________________

Весна Пауновска Петроска, Член ________________

Валон Омери, Член ________________

Скопје, 05.12.2025 година